**20141685210**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” бр.92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013 и 158/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ЦЕНОВНИКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 1

Во Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија” бр. 60/13) во член 11 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член ако периодичните здравствени прегледи од членот 4 од оваа уредба се вршат во исто време со задолжителните контролни здравствени прегледи согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата, овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот доколку ги исполнува критериумите во однос на кадарот и опремата за вршење на прегледите за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи и возачи на моторно возило утврдени од Министерството за здравство, освен извештајот за периодичниот преглед на вработениот од став 1 на овој член, издава и уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторни возила согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата во рамките на утврдената цена на прегледот во Ценовникот за здравствени прегледи на вработените од оваа уредба.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-9258/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.